СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јануари 1993 година

Скопје, јануари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА 54-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 12 ЈАНУАРИ 1993 ГОДИНА**


1 АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 10, 12, 45

Дневен ред на стр.18

2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 28, 42
3. АЛИУ ХАМИД - 37
4. БОШКОВ ЈОРДАН - 15
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 24, 30, 38
6. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР - 17
7. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 36
8. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 15, 26
9. ПЕТРОВ ТОДОР - 5
10. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 32
11. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 19
12. САБРИУ ИЛИЈАС - 3
13. СПИРОВСКИ АЦО - 47
14. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 39
15. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 13, 14, 18, 23
16. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ - 24
17. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 44
18. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 49
19. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 1
20. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 8, 10, 21
21. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ -15


- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 12.01.1993 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 15.30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Панче Насев, Никола Апостоловски, Љупчо Поповски, Душко Ѓорѓески, Ристо Станковски и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за задолжување на Република Македонија во странство. Законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основата и неодложната потреба за донесување по итна постапка на овој Закон.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Готовноста на господин Џорџ Сорош, државјанин на Соединетите американски држави да и помогне во овој момент на Македонија може да се материјализира доколку овој Закон се донесе по итна постапка.

Ова од причини условите за користење на заемот се такви што доколку тој не се операционализира што побрзо го губи смисолот на земањето на заемот. Се работи за износ на заем на 25 милиони долари краткорочен, со обврска да се врати со шест ануитети од јули до декември месец. Владата цени дека иако е краткорочен имајќи ја во предвид состојбата со девизните резерви и со потребите Македонија да се снабди прво со нафта и нафтени деривати, а и со други неопходни деривати, дека сепак ќе ја ублажи моменталната состојба затоа што и каматата предвидена со тој заем е релативна се цени ниска, а исто така цениме дека ќе има можност од расположивите девизни резерви како и евентуално девизи од претпријатијата на Република Македонија да ги врати досепеаните ануитети.

Освен тоа, како што стои во образложението се работи за револвинг кредит што ќе може претходно платените ануитети повторно да се користат. Бидејќи со самото донесување на законот веднаш ќе можат да се стават на располагање наведените средства тие, доколку Законот не се донесе по итна постапка туку да оди во редовна постапка, да поминат неколку месеци краткиот рок губи секаков смисол и да се земат наведените средства на заем.

Цениме дека е оправдано Собранието да го донесе овој Закон и Владата што побрзо, веднаш после тоа да биде во можност заемот да го користи согласно со наведените намени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

За гласаа 56 пратеници.

Дали има некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање? (15)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија достави предлог за донесуваше по итна постапка на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката. Меѓутоа, Владата го повлече овој Закон и достави предлог за донесување по итна постапка на Закон за забрана на исплата на плати од дневен пазар, плати во бонови и натура и дивиденди во Републиката со Предлог на закон.

Предлогот на закон Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

**ИЛИЈАС САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед дека во текот на изминатата година 1992 имавме Закон за забрана на исплата на платите во натура од дневен пазар и во бонови како и забрана на исплата на дивиденди, тој Закон престанува да важи на 31 декември 1992 година, цениме дека и во оваа година треба да пред- ложиме еден ваков закон со оглед да состојбите во обласга на стопанството во голема мера ни се скоро идентични на оние што ги имавме во 1992 година, односно во поголеми организации и претпријатија се исплатуваат вакви плати, во натура, во бонови и слично за кои не се плаќаат придонеси за пошироката општествена заедница, за здравство, образование, за буџет итн. и затоа предлагаме Собранието да донесе еден ваков Закон по итна

постапка со оглед да не дозволиме да се пореметат во поголема мера односите и во распределбата, и да ни се нарушат токовите на економската политика во 1993 година, а се наоѓаме пред изготвуваше на завршни сметки за 1992 година, во поголеми организации и претпријатија во Републиката во еден дел е извршена трансформацијата на општествениот капитал врз основа на Законот кој беше на сила во тоа време и сеуште новиот закон ова Собрание го нема донесено, а веројатно во наредните месеци ќе биде донесен. Од тие причини цениме дека во овој период треба да биде забранета исплатата на дивиденди во Републиката со оглед на тоа како што реков, дека не е извршена таа трансформација онака како што ние предлагаме во нашиот Закон и сите оние други форми на исплата на плати да бидат забранети.

Од тие причини Владата предлага по итна постапка, да не оставиме празен простор, бидејќи се наоѓаме вене после Нова година сега во февруари може еден добар дел на организации да пристапат кон исплата на плати во ваков вид кој е спротивен на нашите опре- делби и законските решенија. Затоа предлагаме денеска Собранието да го донесе овој закон и со тоа да ги оневозможиме овие неправилности кои можат да се појават во стопанството односно вкупно во економскиот систем на нашата Република.

Затоа молам Собранието да го уважи ова барање на Владата и овој Закон да биде донесен на денешната седница на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За гласаа 63 пратеници.

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (8)

I/5

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

За седницата го предлагам следниов дневен ред.

1. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со странство.

2. Предлог на закон за забрана на исплатата на плати по дневен пазар, плати во бонови и натура и дивиденди во Републиката.

3. Информација за досега преземените активности за зачленување на Република Македонија во меѓународните финансиски институции

4. Информација во врска со активностите за приемот на Република Македонија во Организацијата на Обединетите нации.

5. Информација за состојбата со електрична енергија, посебно за ограничување на потрошувачката.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор господин Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Предлагам после втората точка да се стават две нови точки кои се во функција на информацијата за досега преземените активности за зачленување на Република Македонија во меѓународните финансиски организации и тоа: Трета точка да гласи "Предлог на одлука за стапување на Република Македонија во членство на Меѓународниот монетарен фонд"

И, Четврта точка "Предлог на одлука за стапување на Република Македонија во членство на Светската организација".

Во врска со овие предлози ќе го дадам следното образложение.

Целта на Информацијата што Владата ја понуди е Собранието врз основа на согледувањата што Владата досега ги направила утврди

I/6

заклучок со кој ќе се задолжи Владата и Народната банка на Македонија да ги преземат сите потребни активности за потпишување на неопходните документи за зачленување во овие меѓународни финансиски организации и за реализирање на финансиската соработка со тие организации. Овие одлуки потпишани се од страна на пратениците на парламентарната опозиција и доставени во архивата на Собранието на 22 декември, а со посебна пратка до пратениците се доставени на 23 декември минатата година.

**ТОДОР ПЕТРОВ: (**продолжение)

Досега ние мислење на Владата по однос на истите не добивме меѓутоа, зошто предлагам за истите Собранието да се изјасни од- носно да бидат ставени на дневен ред, а во рамките на разгледувањето на точките Законодавно правната комисија да го оцени уставниот основ за нивното доставување , при што пратениците би се изјасниле компетентно при разгледувањето на овие точки. Еве во што се состои проблемот. Дали може Собранието со заклучок да се зачленува во меѓународни органи, организации и заедници. Зачленувањето во меѓународните органи, организации и заедници е регулирано со член 121 од Уставот на Република Македонија во кој што децидно пишува "Одлука за стапување во членство или за истапување од членство од меѓународни организации донесува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници и тоа по предлог на претседателот на Републиката, Владата или најмалку 4 0 пратеници" Предлогот на таква одлука за стапување во членство во меѓународниот монетарен фонд и во светската банка од најмалку 40 пратеници е доставен во редовна процедура во Собранието. Меѓутоа, досега од Владата мислење немаме. Во оваа информација е кажано дека претседателот на Републиката формално правно поднел барање меѓутоа за зачленување во овие организации, се поставува прашање врз основа на што, независно што во членот 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот пишува дека Република Македонија како рамноправен наследник на СФРЈ со другите републики го превзема членството на СФРЈ во меѓународните органи, организации и заедници. Дали тоа ќе значи дека Републиката односно Владата по основ на автоматизам на овој член на Уставниот закон за сите меѓународни органи, организации и заедници во кои членувала поранешна СФРЈ ќе може по сила на уставниот закон, по автоматизам да поднесе само барање за зачленување, таа или претседателот на

II/2

Републиката или за тоа ќе биде потребно претходно Собранието да донесува соодветни одлуки за стапување во членство на тие меѓународни органи, организации и заедници за да по основ на одлуките Владата или Претседателот пристапат кон поднесување барање. Затоа, сметам дека Собранието треба да ги прифати овие точки на дневен ред, заради што операционализирањето на членот 3, став 2 од Уставниот закон ќе наметне и други проблеми за многу други меѓународни органи организации и заедници и за меѓународни договори кои ги потпишала, ратификувала поранешна СФРЈ за што ќе стане нормално збор кога ќе дојдат на дневен ред. Затоа, сметам дека во контекстот на информацијата која што е поставена на дневен ред, треба Собранието да ги прифати како посебни точки овие две предлог одлуки.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

На самиот почеток од образложувањето на господинот Петров за момент помислив дека го има изгубено од предвид членот 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија и дел од мислењето на Владата каде што се задржува на тој дел. Меѓутоа, подоцна видов дека и тој се наврати на тоа и ме чуди сега што е спорно, Имено, член 3 став 2 од Уставниот закон за спроведување на Уставот вели "Република Македонија како рамноправен правен наследник на СФРЈ со другите републики го презема членството на СФРЈ во меѓународните органи, организации и заедници". Тоа не значи само по автоматизам дека РМ секаде и тоа буквално секаде каде што СФРЈ претходно била членка дека по автоматизам и самата република Македонија ќе биде членка меѓутоа, ја дава таа можност онаму каде што Република Македонија е заинтересирана да стане членка на тие меѓународни институции или организации. Меѓутоа, исто така е битна една друга работа што не смее да се запостави, а тоа е како тие меѓународни институции гледаат на зачленувањето на Република

Македонија кај нив. Конкретно меѓународниот монетарен фонд во еден подолг временски период и тоа се гледа од Информацијата ја поставуваше дилемата дали да се прифати варијантата каде што сите републики од поранешна Југославија да станат членки на фондот со едноставно наследување на членството на поранешна СФРЈ во фондот или да се укине членството, поранешното членство на СФРЈ во фондот и повторно секоја посебно да си бара прием во членството во меѓународниот монетарен фонд. Овде се работи дека меѓународниот монетарен фонд излегува со предлог и ние сега таа процедура ја водиме како Влада и како институции на оваа држава, бидејќи е од финансиски аспект за сите подобро, вклучувајќи не и нас, се разбира, подобро да станеме членки на меѓународниот монетарен фонд по пат на сукцесија на членството на СФРЈ во меѓународниот монетарен фонд. Тоа во информацијата е образложено и исто така тоа има свој уставен основ не е со заклучок на Собранието , ниту е по самоволна одлука на Владата, туку став 2 член 3 од Уставниот закон таа уставна можност ја дава. Така, мислам дека не е ништо тука спорно, се работи дека меѓународниот монетарен фонд го понуди на сите поранешни југословенски републики овој начин кој што е за нив поедноставен, за поранешните југословенски републики, сите се согласија дека тоа е поедноставно отколку наново да влезат во процедура за прием и од финансиски и од процедурален аспект и тоа е најкраткиот пат да станеме членка на меѓународниот монетарен фонд, се разбира и на другите институции, Ние од случај до случај ќе подучуваме, некаде можеби не ќе можеме само автоматски по пат на сукцесија или по пат на наследство, некаде ќе мораме да се ја-виме и наново како членки. Во случајов тоа е можност понудена и се оценува дека е тоа најдобрата варијанта за Република Македонија.

II/4

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве го чувте и мислењето на Владата дека овие две одлуки не треба да се уврстат во дневниот ред.

Кој е за предлогот на господинот Петров молам нека крене рака?

29 пратеници се за.

Според тоа, предлогот не е усвоен. Господин Ајдарага.

**ГАЗМЕН АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство и почитувани членови на Владата, јавноста во Република Македонија преку средствата за информирање иако нецелосно е запозната со состојбите во централното Основно училиште "Моша Пијаде " во центар Жупа. Со цел да се надминат состојбите и да не би ескалирала состојбата која може да ескалира, предлагам денес на дневен ред да се задолжи соодветното министерство или пак Владата да изготви информација и да ни достави денес за разгледување Информација за состојбите во ЦО "Моша Пијаде" центар Жупа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Какво е мислењето на Владата?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Мислењето на Владата ќе биде начелно како и секогаш во вакви ситуации. Настаните сеуште траат таму, а веќе информација се бара што се случува и што ќе се случи. Освен тоа, праксата како што и порано на некои седници на Собранието се случуваше на самото утврдување на дневниот ред да се бара информација за ова или она е пракса која се уверивме дека во неколку наврати дека не води до конструктивна расправа на седница на Собранието. Ние прифаќаме обврска на

II/5

Владата на првата наредна седница да излеземе со целосна информација за сето она што се случува и досега што сега во моментов се случува во Жупа и сите тие проблеми што оттаму произлегуваат.

Јас да ја искористам приликата која, и покрај тоа што претседателот може веднаш да ме опомени дека не сме завршиле со овој предлог меѓутоа да ја искористам приликата и по повод една од точките која што е дадена во предложениот дневен ред од страна на претседателот на Собранието врз основа на иницијатива на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ што е сосема легитимна, а тоа е денес да се даде информација за активностите околу приемот на Република Македонија во ОН. Исто така, токму сега е периодот кога најголеми активности сега се одвиваат. Вие знаете дека и министерот за односи со странство во овој момент престојува токму во седиштето на ОН и веројатно многу поцелисходна ќе биде информацијата по неговото враќање да имаме една целокупна информација, а освен тоа ако не се лажам денес собраниската комисија за односи со странство имаше токму расправа за оваа работа и таа расправа сеуште тече и е побарано од Министерството за односи со странство и некои дополнителни документи итн. јас предлагам исто така таа точка да ја сотавиме за првата наредна седница кога ќе имаме и целосна информација за оние активности што сега се одвиваат, тука ќе го имаме присутен и министерот за односи со странство и ќе го имаме ставот на собраниската комисија за односи со странство. Тогаш ќе имаме врз основа на што целисходно да разговараме. Така сугерирам и таа точка да оди за наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тука се замешани две точки. Сега господинот Ајдарага повторно бара збор.

**ГАЗМЕН АЈДАРАГА:**

Ако Владата не прифаќа, како што се изјасни претседателот, јас мислам тогаш да предложиме денес да донесеме еден работен заклучок кој би гласел: И се препорачува на Владата на Република Македонија да ги повлече полициските сили кои го опколиле централното основно училиште "Моша Пијаде" во центар Жупа.

Второ, се задолжува Владата на РМ да ја прими на разговор Комисијата составена од наставници и родители од наведената месност, со цел да се избегнат ескалациите. Зашто, може да постои и таму да биде нешто друго, како што мене ми е познато.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Собранието како може да расправа каде да бидат полициските сили. Тоа не е наша надлежност. Ние можеме да бараме одговорност од Владата за некои работи, а не такви. Дали има потреба овие заклучоци да ги давам на изјаснување.

Кој е за предлогот на господинот Газмен Ајдерага, последниот предлог, нека крене рака, заради тоа што не ја викам Владата повторно, нивното мислење е јасно.

Кој е за, нека крене рака (пратениците креваат рака)

Деветнаесет пратеници гласаа за.

Според тоа констатирам дека тој предлог не е усвоен.

За збор се јави господинот Стевковски за предлогот на господинот Бранко Црвенковски.

II/7

**ТОМИСЛАВ СТЕВСКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во решението за денешната седница сврстена е точката под 3, а тоа е Информација за досега преземените активности за зачленување на РМ во меѓународна финансиска организација. Претседателот на Владата господинот Црвенковски предложи да не се расправа, да се расправа на некоја друга седница. Ние оценуваме дека информацијата бара за досега преземени активности,а не воопшто кога ќе се врати министерот Денко Малевски па ен информира што направил и за овие 3, 4 или 5 дена. Друго сакам да кажам претседателот на Владата треба и мора да биде во тек со она што работи неговиот министер. Ако во случајот не е тука министерот мислам дека има и заменик министер, има и потсекретари, кои што можат да ја дадат бараната информација. Оттука не смееме да бегаме ако не ја контролираме ситуацијата, а не кон- тролата на ситуацијата јасно ни кажува на сите дека раширено е овде меѓу пратениците дека немаме никаква активност на полето за признаваше на РМ во ОН. Оттука, треба да се каже што сме направиле сега толку едноставно, а не да се залажуваме и да бараме одлагање на оваа точка, која што мислам треба да биде поддржана од сите, бидејќи се работи за нашиот прием во ОН.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас до пред малку мислев дека господинот Стевковски координатор на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ ќе има право во име на тие пратеници да говори. Сега слушнав дека има право да говори во име на сите пратеници во Собранието, што не верувам дека тоа е став на сите пратеници и дека нема никакви активности на планот на меѓународното признавање не се спроведуваат. Тоа е првата работа.

Втората работа беше мислам дека прочита погрешна точка. Ја прочита точката 3 Информација за досега преземените активности за зачленување на РМ во меѓународните финансиски организации и таа не е спорна, таа си останува во дневниот ред. Јас говорев за точката 4 Информација во врска со активностите, значи не со досега преземените активности, како што господинот Стефковски ги назначи, за приемот на РМ во организацијата на ОН. Кажав кои се аргументите за одлагање, остануваат и после ова излагаше од страна на господинот Стефковски. Инаку, ако Собранието одлучи , сепак, да ја сврсти оваа точка сигурно дека ќе добие макар усмена информација и нормално дека координација е со министерот за односи со странство и има и со претседателот на Владата и во самото министерство. Меѓутоа, мојот предлог беше за да имаме конструктивна расправа да не добиеме расправа како во неколку наврати досега кога на дневен ред биле надворешните активности и надворешната политика. Бидејќи Комисијата, собраниската комисија тоа не владина комисија, Собраниската комисија за односи со странство денес имаше широки активности и ако не се лажам, како што бев информиран сеуште траат. Побарани се некои дополнителни информации, документи итн. Тоа е една работа што мислам дека за да имаме добра расправа, добро е да го имаме ставот и на надлежната собра- ниска комисија и во тој случај мислам дека ќе се надмине сите дилеми да ги изнесуваме на пленарни седници, впрочем и заради тоа постојат собраниските тела. Најголем дел од дилемите таму да се расчистат.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Кога реков пратениците погледнав на оваа страна, а таму не седи само ВМРО-ДПМНЕ. Второ, јас реков три, а зборував за точката четири за приемот во ОН досега преземените активности.

II/9

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**

Само колку за информација на премиерот дека и нашата пратеничка група Илинден - слободни демократи стоиме апсолутно зад барањето од координаторот на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ и пред паузата имавме консултации и сметам дека неговото излагање беше во таа насока.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас земав збор, заради тоа што на неколку пати беше напоменато дека матичното тело заседава и слична содржина разгледува. Точно е дека седницата на комисијата е во тек, а точно е и тоа дека било кој вид на информација од Владата доцни и за моја претстава тоа е неоправдано долго. Ова барање за уфрлување на ваква точка на дневен ред е исто така сосема оправдано. Тоа што Комисијата води расправа, таа може да оди во повеќе детали, евентуално да испитува некаква спорост или пропуст а ова барање за уфрлување на точка на дневен ред е на функција на освежување или на уточнување на информациите.

**АЛИЛ ЏАФЕРОЦСКИ:**

Комисијата за надворешно политички прашања расправаше денес околу барањето на дневен ред да се уврсти оваа точка на денешнава седница. На седницата на Комисијата имаше претставник на министерството за надворешни работи. Бевме информирани околу активностите на органите на РМ околу нашето барање за прием во ОН усмено и околу се она што ја интересираше комисијата . Комисијата не ја заврши својата работа и се договори да продолжи работата на комисијата по оваа точка, при тоа барајќи одредени

писмени информации околу хронологијата на поднесувањето на документите за меѓународно признавање. Според мое лично мислење не треба оваа точка денес да оди на дневен ред, заради тоа што Пракса е во ова Собрание да се прекинуваат точки на дневен ред. две кои се поставени, се заради изјаснување на матичните тела односно на Комисиите. Не гледам сега причина оваа Комисија да биде прескокната и да не и биде овозможено до крај да ја заврши оваа точка и да излезе со свое гледање односно заклучоци пред ова Собрание. Брзањето незнам кому може да му користи.

III/1.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за Предлогот на претседателот на Владата, точката 4 од предложениот дневен ред да се уврсти во дневниот ред.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека оваа точка треба да се најде на дневен ред и никако не се усогласувам со ексклузивното право на членовите на Комисијата за односи со странство не би имале тие ексклузивно право да бидат во тек со настаните околу активностите преземени со зачленувањето на Република Македонија во ОН. Лично јас како пратеник нема никакви изворни информации околу активноста на Република Македонија и јас сметам дека има право, бидејќи сум бомбардиран од сите страни со секакви информации, преку печатот, преку другите медиуми, а и она што се вика чаршиски муабети, имавме пример неодамна од пратеничкото прашање на Михаил Пановски, дали е поднесено барање за прием на Македонија во ОН, претседателот на Владата одговори да. Но со еден допис на нашинци во Америка кои што тврдат дека Македонија нема поднесено барање во ОН. За да нема вакви недоразбирања, за да нема вакви негодувања, повелете информирајте не и нема да се случи ова што се случува. Не знам зошто ви пречи една кратка усмена информација. Потполно се согласувам со правото на таа комисија за надворешни прашања дека треба да дадеме мислење по информацијата. По информација не сме давале никогаш мислење, само ако е усно. Јас ја видов реакцијата на Владата, навистина е непријатна, но повелете информирајте ни вистински.

III/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за Предлогот на претседателот на Владата, точката 4 - Информација на Владата во врска со активноста за приемот на Република Македонија во ОН да не биде уврстен во дневен ред на оваа седница? (49)

Дали е некој против? (33)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Предлогот на претседателот на Владата четвртата точка Информација во врска со активностите за приемот на Република Македонија во ОН, да не се уврсти во дневен ред на денешната седница, е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлогот на закон за задолжување на Република Македонија во странство,

2. Предлог на закон за забрана на исплатата на платниот денвен пазар, плати во бонови и на тура и дивиденди во Републиката,

3. Информација за досега преземените активности за зачленување на Република Македонија во меѓународните финансиски организации,

4. Информација за состојбата со електричната енергија посебно за ограничувањето и потрошувачите,

Дали има некој друг предлог?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, денеска пред да почне седницата ние навистина добивме два предлози на закони пред почетокот на самата седница и навистина како пратеничка група оценивме дека се итни и има

потреба да бидат свртени во дневниот ред. Меѓутоа, наша оценка е дека и првиот и вториот закон што се предлага по итна постапка бара едно подетално разгледување во нашата пратеничка група, бидејќи навистина се работи за една крајно сериозна работа а тоа е задолжување на Републиката со 25 милиони долари од странство, не кај банка, едноставно кај поединец. Оттука оценуваме дека потребно е оваа точка да остане на дневен ред, со тоа што бис е одложила расправата за два дена од причините што јас ги наведов. Обврската на Република Македонија задолжување со 25 милиона долари во овој момент е навистина голема, а што се однесува исто така до вториот закон што е закон за исплата на плати и други надоместоци и сил. цениме дека со самата негова одредба во членот 1 се забранува едно право кое што е присутно во секој- дневното живеење на луѓето што остваруваат плати од работење. Тоа значи дека од дневниот промет да не му се исплатува плата, како и други надоместоци во натура и топол оброк. Оттука сметаме дека и по овој Закон не би требало да се води расправа, таму едноставно да се даде можност за два дена ние да се договориме во нашата пратеничка група и потоа да уследи расправа на ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова не се однесува на дневниот ред, туку како да го водиме претресот по дневниот ред.

**ИСНИ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, честопати ни се случува ние да предлагаме дополнување на дневниот ред и ни се одговара дека тоа ќе биде за наредната седница. Дури мене понекогаш  не ми е јасно

што значи тоа наредна седница или прва наредна седница Ние тоа честопати го гласавме тука, гласаме дека за одредена точка која се предлага ќе биде ставено на дневен ред за првата наредна седница. Доаѓа првата наредна седница, точката ја нема на дневен ред. Јас мислам дека после 53, сега е 54-та на дневен ред. Да речеме само еден пример кога беше на плус 36 степени, тоа беше лето барав една информација за застапеноста на албанците во органите на Републиката односно институциите на Републиката. Добив една штура информација, завиена, меѓутоа таа информација како таква никогаш не беше ставена на дневен ред, исто така на една седница барав информација за настаните на Битпазар исто така гласавме сите тука ние пратениците, гласавме дека ќе биде ставена на наредната седница, односно првата наредна седница и така си доаѓаа и поминуваат тие наредни седници, а точките ги нема на дневен ред. Јас не би инсистирал на оваа седница, туку некој ќе рече па кога ќе биде таа информација итн., но едно сугерирање да не се повторат вакви работи, ова е до Претседателството, односно до г-нот претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа укажувањето не се однесува на сегашниот дневен ред.

Молам, кој е за предложениот дневен ред, да крене рака? (48) .

Дали е некој против? (16)

Дали некој се воздржа од гласање? (12)

Според тоа, констатирам дека за седницата е утврден следниот дневен ред:

III/5.-

1. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија во странство,

2. Предлог на закон за забрана на исплатата на плати од дневен пазар, плати во бонови и натура и дивиденди во Републиката.

3. Информација за досега преземените активности за зачленување на Република Македонија во меѓународните финансиски организации,

4. Информација за состојбата со електична енергија посебно за ограничување на потрошувачката.

Тоа е предлогот на дневниот ред, а сега имаме еден предлог од г-динот Стефковски како да ја водиме расправата. тој предлага првата и втората точка да не бидат разгледувани денеска, да се даде време на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да може да изгради став по нив.

Молам мислење за ваквото менување.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас би сакал само да ве потсетам беше за денеска закажано продолжувањето на 53-та седница. Владата бараше итна седница и причина за итноста е токму овие два Закона за кој г-динот Петковски бара да се одложат. Ако беше работата два дена да се чека нема потреба Владата ургентно денеска да бара нова седница каде што ќе се стави на дневен ред и всушност ќе се постави прашањето зошто го изгубивме целиот ден, кога можеше Собранието нормално по 53-та седница паралелно со тоа комисиите да заседаваат или парламентарните групи да расправаат. Само да ве потсетам, ова е прв финансиски аранжман од тој тип каде што се нуди кредит на Република

III/6.-

Македонија од 25 милиони долари, не е битно дали од поединец или од банка, се дава од оној што ги има под поволни услови како што гледате тука споредено со било какви финансиски аранжмани во услови кога сеуште немаме регуларно членство во другите меѓународни финансиски институции за да имаме нормално , финансиско комуницирање со нив. Да потсетам дека сите парламентарни групи, сите политички партии во поголем временски период секогаш кога говорат од аспект на финансиската состојба сметаат на финансиската поддршка од надвор, ние добиваме таква можност сега и тоа токму од причини, никој своите пари не ги дава туку-така, туку токму од причини што сме во толку лоша ситуација, да се премости овој период додека можеме нормално да прокуминицираме со меѓународните финансиски институции и еден човек кој тие средства ги има е наклонет на оваа Република, ги дава по поволни услови и сега е помалку чудно и смешно да се од негова страна биде готово, да се чека ние со денови да договараме, да размислуваме итн. Бидејќи целиот аранжман чека всушност на овој Закон да биде донесен од страна на Собранието. Како што гледате дел до тоа треба да биде во нафта. Всушност една од причините кој што го навеле господинот Сорос да го дава овој кредит, е всушност лошата состојба со снабдување со нафта и нафтени деривати. Мислам дека ако од таа страна имавме едно пронтно реагирање навистина многу ефикасно, тогаш не треба ние од наша страна да ја успоруваме работата, не е време кога имаме можности за долги расправи, за долги седници, за долги договарања итн. Инаку сите аспекти остануваат отворени околу условите на кредитот дали се поволни камати итн., начинот на кој што се договара аранжман меѓутоа е расправа по Законот. Сега говориме за итноста и ургентноста Владата смета дека овој Закон е од таков карактер

што треба денеска да се разгледува, а исто така и министерот за труд и социјална политика, со оглед на тоа дека денеска е 12-ти а законот за забрана на исплати на плати по пат на натура или бонови каде што се избегнува плаќањето на обврските спрема Фондот и давачките спрема буџетот траеше до 31.12. 1992 година, така да ние можно во овој временски расцеп да не се случи нешто што веројатно никој не го посакува. Така да и двата закона се навистина од ургентен карактер. Инаку ако нешто може да чека, тогаш информациите. Ние денеска можеме да ги дадеме, можеме утре, меѓутоа, ова е нешто што веднаш мора да се работи.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ :**

Почитувани пратеници, кога побарав два дена се водевме од една мисла дека навистина треба во пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ уште еднаш та се договориме, бидејќи, да му биде јасно на секому од обраќањето на г-динот Сорос до претседателот на Собранието во неговото писание јасно пишува и ни укажува дека сме направиле грешка што сме го донеле знамето на Република Македонија и дури ни сугерира да бидеме и против донесувањето на Законот за Грбот, бидејќи ќе се навредат чувствата на Грција.

Оттука ако веќе од еден таков човек примаме кредити, сметам за потребно дека треба два дена ние во Парламентарната група се договориме да го анализираме малку детално неговото списание и обраќање до Собранието и седницата да продолжи во петок и сл. Во тоа е суштината, а не економскиот дел.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Би замолил за да можам да го изградам сопствениот став, претседателот на Македонската влада да објасни дали е обврзувачко образложението со политичките квалификации од давателот на овие средства да оди во пакет со прифаќањето на тие средства во Република Македонија, или можеме да одлучиме да ги земеме тие средства, а тоа што тука е наведено како политички определби на г-динот Сорос не не обврзуваат и е нешто друго што не мора да биде подразбирано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Натамошни објаснување на Законот, кога ќе дојде на дневен ред. А сега да видиме отвораме расправа. Кога ќе отвориме расправа за Законот, ќе се види што е во пакет, што не е во пакет.

**ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ:**

Почитувани пратеници , премиерот на Владата овде даде образложение за итноста на тој закон. Јас со такво образложение не се согласувам. Тој кредит како прво е назначен за нашата преголема потреба од нафта и нафтени деривати. Да напоменам во време кога бевме информирани дека сме блокирани за нафта и нафтени деривати приватните увозници најслободно увезваа нафта и нафтени деривати точно од земјата која не блокираше, од Грција во неограничени количини. Во овој момент приватните увозници на нафта и нафтени деривати, иако дојде половина месец немаат ниеден добиено дозвола за увоз на тие нафтени деривати. Кога би ги добиле тие дозволи за неколку дена истите тие би ја преплавиле Македонија со нафта и нафтени деривати без потреба од некаков кредит, бидејќи приватните увозници, наши

бизнисмени кои се на почеток на тој бизнис многу слободно и со сови средства би увезле нафта и нафтени деривати. Јас го поддржувам барањето на г-динот Стефковски да се почека два дена за расправа по оваа точка бидејќи итноста од образложението на Бранко Црвенковски не е точна и не фака место во овој момент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да се разбереме. Итноста што ја образложи претседателот на Владата за неа Собранието се произнесе. Не можеме повторно за тоа да расправаме. Тоа го усвоивме. Сега работата е во нешто друго. Дали да расправаме сега веднаш или да одиме после два дена. Ве молам, имаме предлог и не треба сега да се исцрпуваме во расправа по тој предлог. Ќе го дадеме на изјаснување. Ние тука го чувме мислењето на Владата, Предлогот јасно ни е формулиран и готова работа.

Предлогот на Стефковски, сега да прекинеме да не расправаме денес, туку после два дена, а да расправаме по другите точки. Тој не предложи ни пауза ни прекин, туку може да се расправа за другите работи. Предлогот на Стефковски го ставам на гласање.

IV/1.- ЛП/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Кој е за, молам да крене рака.

29 пратеници гласаа за предлогот.

Според тоа, констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Преминуваме на **првата точка** - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија во странство.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот ќе искажам една резервираност во однос на предложениот закон од следните причини:

Прво, господинот Сорос има основано фондација овде во Македонија под име"Отворено општество" со цел за развој на независните медиуми во Република Македонија. По мое лично мислење, оваа фондација досега како што работи е во прилог на реставрација на одредени конзервативни сили во нашето општество, кои 45 години управува, го водеа, на чело на таа фондација е член на најтесното Претседателство на Социјалдемократскиот сојуз, господинот Миличин и ценам дека во таа фондација, имам информации, вистинските независни медиуми, приватни телевизии, весници итн. не можат воопшто да продрат до таа фондација. Единствено имаат продор оние бивши режимски сили и ако некој навистина сакал да развива независно новинарство овде во Македонија морал да знае, доколку дава пари, свои пари за одредена намена, каде одат тие пари и дали навистина тие пари се со цел ,за развој на некое независно новинарство во Македонија.

IV/2.-

Значи, мојата оценка по тој однос за оваа постапка на господинот Сорос кој не го познавам е негативна.

Понатаму, господинот Сорос како бизнисмен или што ли е незнам се осмели да ни се обрати нам како Парламент со едно свое списание, дури беше предвидено овде и да зборува да ни се обрати директно, јас навистина бев изненаден кога го читав тоа списание. Тој си зема за право нам да ни сугерира одредени свои претпоставувам политички ставови, ни сугерира каде ние како Парламент сме згрешиле во нашиот избор, особено за државен симбол и ред други работи, си зема за право Македонија да ја дефинира како мултикултурна заедница, да критикува одредени политички партии, други да ги фали итн., што значи ова е втора причина ова негово обраќање до нашето Собра- ние, кое ме тера да бидам резервиран во однос на овој негов "добро- чинителски гест".

Инаку, што се однесува до заемот, ако тој заем исклучиво е со цел за набавка на нафта во Република Македонија, сметам дека не треба воопшто да се прифати, од причина што ние на тој начин ќе овозможиме и понатаму да опстојува државниот монопол во оваа област, односно господата од Макпетрол и на тој начин ќе ја угушиме приватната иницијатива, што се projави во овој сектор, а тоа според мене е спротивно на член 55, став 2 од Уставот на Република Македонија, односно членот кој што кажува дека во Македонија нема да постојат монополи, а факт е дека монополи постојат и дека ние како Парламент го поддржуваме постоењето на овие монополи.

Значи, ова се трите причини кои навистина ме тераат да бидам резервиран во однос на овој наш "доброчинител", господинот Сорос.

IV/3.-

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Од тоа што најповеќе се плашевме почна да се насира. Јас ќе бидам отворен, господа и госпоѓи, ние тука констатираме дека нашето општество, нашата држава беше украдена и ставивме една голема точка, еден голем знак прашалник каде отидоа парите. Ви реков и порано дека јас не обвинувам никого. И сега наеднаш се јавува еден спасител кој ни носи 25 милиони долари да ја спасува оваа земја. Земја која уште не е призната, земја која секојдневно се бориме да ја донесеме кон ѕвездата која треба да ја осветли. Земја во која и самите ние не знаеме да си го најдеме. тој единствен пат за признаваше. Ја задолжуваме земјата со 25 милиони дола- ри1 Прво, господа, ќе ве прашам: кој е гарант на тие 2 5 милиони долари.

Каде е претседателот на Владата?

Господа, треба да знаеме, кога се зборува ова е сериозна работа. Се зборува за 25 милиони долари. Една земја упропастена, една земја без надеж, скоро на повеќето од населението, за живот, за опстанок ја задолжуваме. Во овој момент цела Влада требаше да биде присутна и претседателот не требаше да ја напушти салата и требаше да ги сослуша исказите и мислењата на пратениците, кои се најкомпетентни дали ќе ја задолжат оваа земја за да биде ограбена уште еднаш или не.

Прво, реков која е таа банка која гарантира дека ќе ги земе парите и врз која основа и зошто гарантира таа Народна банка на Македонија. На тоа прашање сакам веднаш да ми одговори господинот министер за финансии и господинот претседател на Владата, бидејќи најмногу беше настојчив.

Второ, тој кредит веројатно не се дава како попот што чади во црквата како темјан да испари, туку тој кредит се дава со некакви камати

и за рок - незнам јас не прочитав колкав рок.

Трето што е најважно, друже претседателе (му се обраќа на претседателот на Владата Бранко Црвенковски, кој повторно влезе во салата), ве молам да ме сослушате. Јас прочитав дека господинот Сорос кој ни го нуди тој кредит не врзува со една политичка опција, со една задкулисна политичка опција. Точно е тоа дека ние на некој начин треба да му поверуваме на човекот и треба да бидеме послушни за тие 25 милиони долари. А кој ќе ги плати? Ќе ги плати народот. Да знаеме зошто ќе се користат, господа, тие пари. Треба да бидеме јасни. Се согласувам потполно со претходните дискутанти дека нафта ќе земеме, но да биде конкретно искажано пред овој Парламент и од ова место на целиот македонски народ и на останатите кои живеат во Македонија дека овој кредит ние ќе го користиме за ова, за ова и за ова. Дали сега тој кредит пак ќе ни одобри народот, откако ќе му ја кажеме вистината зошто ќе го искористиме, дали ќе ни го одобри сега пак? Или ќе праша: Чекајте бе, боси и голи не доведовте до работ на пропаста, а сега ни товарите уште кредити. Тоа е прашањето, со три прашалници.

Ми се чини дека предлогот кој го даде Томислав Стефковски имаше место тука да не влеземе во расправа во овој момент и никој мене лично, кога ја видов земјата пред голготата не може да ме убеди дека земјата беше таква пред 40 години каква што изгледа сега. И да ја задолжуваме повторно. Чекајте бе луѓе, нека не признаат, нека се признаеме сами себеси, да видиме кои сме, а после ќе се задолжиме откако ќе донесеме што реков јас една банка државна македонска која ќе гарантира, кога ќе имаме некое производство појако што ќе гарантира на тие пари, кога некој ќе не сожали на крајот на краиштата и не ќе ги бара парите за 7 месеци, туку ќе ги бара за 20 години,кога ќе донесеме еден

закон со кој ќе ги заштитиме тие влогови од надвор, тогаш можеби народот ќе ни одобри да земеме кредит. А тоа само, само кредитите ќе се искористат на стопанство, на земјоделство и на тие работи кои се потребни за да оживее оваа Република.

Една работа треба да знаеме. Не можеме повеќе да го лажеме народот, зашто сме му должни на народот, зашто го оголивме народот, затоа што трудот не му го вративме, потта не му ја вративме. Кога ќе му ја вратиме потта, кога ќе му го вратиме трудот, кога ќе ја зајакнеме социјалата, тогаш ќе бидеме и способни да земеме кредит.

Видете, да не се лажеме. Лагата има кратки нозе. Зад прстот не можеме да се сокриеме. Ако денес излажеме, утре ќе излезе бело на видело. И дали мислите дека некој ќе му остане должен на овој народ? Не сакам да ве застршувам, не сакам ни да ве плашам. Народот не избра, не испрати да му ја кажеме вистината и да му подадеме рака на овој народ, да го извлечеме од бездната. Не да го потурнеме внатре, па утре недај боже секој од нас ќе рече: "Море, остана нешто кај нас тука, авиончето и избегај". И таму ќе те ба- раат, ќе те најдат, во Америка.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

И понатаму сметам дека и првото мое излагање не беше надвор од контекст на тоа што се случуваше, но сега го повторувам во однос веќе на расправата која што е отворена. Во образложението кое денес е доставено до нас пратениците и носи денешен датум, инаку ќе запрашав зошто не е презентирано на македонската јавност преку средствата за јавно информираше, се изнесени од страна на господин Џорџ Сорос неприфатливи за мене политички проценки и квалификации за политички процеси и политички состојби, но и за политички определби на дел од

македонскиот народ. Тука на почетокот посебно сакам да констатирам и воедно тоа да биде прашаше и за македонската Влада. Таа секако е одговорна до крај кога денес излезе со предлогот во смисла на тоа дека ги познава доволно добро сите работи, кои нема Да ни бидат јасни на нас пратениците да ни ги дообјасни. Се работи за следното:

Овој кредит не произлегува од некоја банкарска институција или некоја специјализирана меѓународна асоцијација која се занимава со чисто деловни врски, туку од самото тоа што изворот е од една фондација неизбежно има и политичка димензија. Мене лично не мие јасно кои се политичките цели на таа фондација во Република Македонија, иако знам дека некои од левите партии го овозможија влегувањето на таа фондација и веројатно знаат повеќе за таквите цели. Но сакам понатаму да укажам на тоа дека секаде во текстот најмалку на 20 места се инсистира дека господинот Сорос кога ги дава овие средства во Република Македонија, очекува Република Македонија да се изгради како отворено мултиетничко општество. Таа формулација "мултиетничка заедница" се повторува на повеќе места, меѓутоа мене особено ме загрижува формулацијата дека Македонија има демократска Влада составена како коалиција од умерени Македонци и Албанци, значи, постојат и неумерени Македонци. Исто така, понатаму во наредната реченица во овој пасус стои дека Македонија е загрозена од повеќе страни и се наведува дека екстремисти има и на македонската страна, за да се продолжи со одредени политички ставови кои импутираат однапред или прејудицираат состојби во врска со процесот на меѓународното признаваше на Република Македонија, каде што во игра е ставено она што ние легитимно го избравме како симбол на Република

Македонија, знамето, за да во врска со знамето понатаму во текстот при крајот уште еднаш да инсистира дека "тој не бара промена, но укажува на тоа дека Хрватска во текот на истата година сепак го променила еднаш донесеното знаме", значи се сугерира да го промениме знамето и дека би била многу голема грешка ако и грбот го изгласаме во една од формите што се како предлози инаку актуелни, а што се содржат во оној материјал што не го довршивме од 41^-та седница.

Затоа^, ќе го повторам на крај после ова воведно излагање моето прашање до македонската Влада. Навистина, без некоја друга намера, едноставно сакам да имаме информација, дали овој текст е придружен текст во договорот околу средствата кои што треба да ги користиме, дали оди во пакет, дали некој во македонскиот Парламент може да с« земе таква одговорност за 25 милиони долари средства да прифатиме и одредена политичка хипотека. И врз основа на тој одговор понатаму како пратеник нормално во процедурата по овој дневен ред ќе се изјаснам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас навистина на почетокот ќе се запрашам јавно ние за што расправаме сега, за закон за одобрување кредит на Република Македонија или за активностите на господинот Џорџ Сорос. Меѓутоа, кога сме веќе кај него, чувствувам должност како граѓанин на Република Македонија да кажам неколку работи кои овде невистинито беа изнесени за него.

Прво, навистина е чудно што господинот Сорос кој целиот свој живот како дисидент од бившите социјалистички земји од оваа говорница е наречен ОНОЈ КОЈ ги поддржува тие режими и тоа навистина тој човек не го заслужува. Тој се докажал во последниве 15-тина години дека на

сите начини ги поддржува, напротив, трансформациите во тие општества. Ако неговите средства за Република Македонија сега ние само за Република Македонија сакаме да сфатиме дека служат за некаква реставрација, мислам дека тоа е тенденциозно и дезавуирање на основниот предлог на господинот Сорос финансиски да ја помогне Македонија токму во оние сегменти каде што ние во овој момент имаме потреба. Во образложението пишува за што, нафта и други хуманитарни цели, лекови итн.

Инаку, што се однесува за фондацијата Сорос во Македонија мислам дека е редно ова Собрание да не се занимава на таков начин со фондацијата како што има обид да се занимава. Тоа е една легитимна меѓународна фондација, која покрај 20-тина држави од централна и источна Европа е и во Македонија сега регистрирана и тоа како "Отворено општество" за Македонија. Значи, тоа е господин Сорос кој нашата Република ја нарекува така како што ние си ја нарекуваме Македонија и нема сега никаква цел ние и за тоа да бараме поинакви цели.

V/1 нн/вц

**НИКОЛА ПОПОВСКИ** (продолжение)

се изјаснуваме за странскиот капитал, еве го и тоа на најпогоден начин како хуманитарна помош и како олеснувачки кредити за Република Македонија. Досега барем не сме чуле да Сорош во својата активност грешил кого помага. Обично ги помага оние кои се борат за граѓански и отворени општества и затоа и така ги нарекува своите фондации. Тој никогаш не поддржува ниту политички активности, ниту општества, ниту држави кои се тоталитаристички колективистички, или поинаку настроени. И токму неговиот избор да ја поддржи Република Македонија за нас е чест. Јас разбирам дека господинот Сорош кој има некои свои политички ориентации и ќе ги изнесе во својот писмен говор до Собранието, со оглед дека не успеа да дојде. Тие можат да бидат вакви или онакви, меѓутоа, ако ние сме за демократија да оставиме тој да си просуди што мисли за Македонија и за одделни нејзини потези што ги има направено. Јас една дезинформација овде морам да ја поправам.

Он не се изјаснил против грбот на Македонија. Напротив он се изјаснува дека Македонија треба да си донесе грб, а негово лично мислење е дека тој грб не треба да биде сличен на некој од соседните држави што ги имаат како грбови и тоа го сугерира. Далеку од тоа дека се изјаснува против грб во Република Македонија.

Инаку, ако на одредени политички сили кои во тој говор негов кој требаше овде да се одржи беа на некој начин назначени како непрогресивни, кои не водат кон едно отворено општество, граѓанско општество итн., ако се засегнати тогаш еве јас јавно ги повикувам тие политички сили нека они најдат такви истомисленици во светот кои се

борат за колективистички општества и нека они ни помогнат со 25 милиони долари. Јас ќе гласам за тоа. Особено оние пари кои се во овој договор и овој закон без политички побарувања.

По повод на законот и по повод барањето да не се одобри од ова Собрание задолжување на Република Македонија 25 милиони долари ми се поставува едно отворено прашање. Пратеничките групи и некои независни пратеници кои поддржаа една точка на дневен ред за зачленување во ММФ и во Меѓународната банка или Светската банка за обнова и развој. Бараа до пред саат време да се зачлениме ние во тие институции, а сега одеднаш се изјаснуваат дека не треба ние да се задолжуваме во странство. Сигурно не мислевме дека, кога ја поднесувавте иницијативата за зачленување во ММФ и Светската банка за обнова и развој ќе се зачлениме таму за да ни овозможат на светско првенство во фудбал да учествуваме. Ние таму ќе се зачлениме за да користиме финансиски средства. Сега вие таму сакате да се зачлениме, а кога ни даваат уште поповолни средства отколку што ги одобрува ММФ и отколку што ги одобрува светската банка викате не ни треба кредити. Тогаш вашата иницијатива за зачленување во овие две институции навистина добива само маркетиншки карактер затоа што се изјаснувате едновремено и против добивање на кредити.

Инаку, мислам дека ова Собрание не треба да си го дозволи во овој момент луксузот, Македонија по моја евиденција мислам, Владата може- точно да потврди, две години воопшто нема никаква финансиска помош од странство. Никаква финансиска помош освен нешто што беше како хуманитарна помош од овие меѓународни организации досега. Сега, кога имаме можност да се задолжиме со ефективни средства во износ од 25 милиони долари после две години не треба да ја пропуштиме таа

шанса, затоа што тоа може да покаже еден однос на оваа Република кон сите други останати субјекти во светот кои имаат намера да поддржуваат едно отворено општество, една пазарна ориентација, едно граѓанско општество. Да им дадеме пат дека ние не сакаме да ги користиме тие финансиски средства. Тоа ќе биде сигнал и за ММФ и за светската банка дека ние сме држава која не сака да користи меѓународни средства. Да се разбереме, ММФ не е институција зад која не стојат држави. И таму стојат многу држави. И Грција е членка на ММФ и на Светската банка. И сите дванаесетмина од Европската заедница. И тие нас во Лисабон се изјаснија дека бараат да не стои името Македонија. Сега може ли ние да ја влечеме логиката не се зачленуваме таму, не бараме средства од овие институции, затоа што во нив се членови оние кои бараат според Лисабонската декларација да се напушти името Македонија итн. итн. Светот е премногу испреплетен за се да се гледа црно- бело. Едноставно ова е финансиска помош за Македонија, со многу поволни кредитни стапки кои се дадени во образложението и мислам дека особено во услови кога во светот постои глад за финансиски средства ние имаме шанса да ги добиеме да не ги пропуштиме. Според моја евиденција дури се мислам во оние земји кои по глава на жител или според бруто националниот доход добиваме и најголем износ на средства за разлика од Словенија, Хрватска итн. што секако служи за пофалба за Република Македонија кога некој сака да ги насочи овде.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Со оглед на итноста што беше поставен на дневен ред го соопштувам ставот на пратеничката група на Либералната партија. Ние сме за поддршка на овој закон. Се разбира образложението е чисто

прагматично. Ова се исклучително поволни кредитни услови за Македонија и се во рамките на реформите кои Македонија на меѓународен план по однос на финансиското задолжување треба да ги направи.

Општо е познато дека парите немаат боја и оттука за нас се релевантни само податоците и условите под кои овој кредит се добива. Другиот дел што патем се разви овде, околу политичката конотација на давателот на овие средства и односот на политичките партии во Македонскиот парламент мислам егзактно покажа како всушност овие кои имаат многу високо мислење за себе всушност според своите идеолошки оптоварувања се всушност лева коалиција во овој Парламент. Ова е она позната теза од Србија да се јадат корења ако треба само да се издржи се само заради тоа што некој се дрзнал да има поинакво мислење од ставот кој овој Парламент или воопшто граѓаните во Македонија го имаат по некое прашање. Оттука мислам дека во оној правец во кој во политичка смисла треба да разликуваме што е што, ваквото мислење на овој господин со делови за кои јас лично не се слагам не ме оптоваруваат во однос на овој кредит и условите под кои ќе се земе. Екватантен е примерот никој не се побуни во Македонија после одлуката на Европската заедница во Единбург да на Република Македонија и се доделат 100 милиони еки. Таа иста Европска заедница сеуште децидно не го ревидираше до крај ставот околу Лисабонската декларација па мислам дека не е ред Македонија да ја со политичка демагогија туркаме во една изолација поготово финансиска изолација бидејќи на тоа немаме ни право како пратеници со оглед на акутните состојби во економијата. Оттука мислам дека Законот е прифатлив и треба да се изгласа.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господине претседателе, прво кој ќе се јави за збор во говорницата треба по ред а не по симпатии.

Денеска по оваа точка на дневен ред се враќаме пред 30 или 40 години дека со доларот ќе ни влага идеологијата, практично се плашиме од надворешниот и внатрешниот непријател. Со овој предлог-закон денеска не расправаме ниту за фондација ниту за заеми. Се работи за кредит. Ако знаеме ние какво ни е стопанството и структурата на стопанството, ќе употребам еден многу добар турски збор - ем ќељ ем фудуљ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На господинот Алиу само да му објаснам. Тој навистина се јави меѓу првите, но потоа ми даде знак дека не сака да зборува. Сега дополнително се јави и затоа сега доби збор, нема по симпатии или нешто друго.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи се јавија инсинуации непосредно откако меѓу другите и јас изнесов свое видување за ова прашање сметам за неопходно да дообјаснам.

Најпрво, јас во тоа излагање не се изјаснив дали сум да гоземеме кредитот или не, туку барав одговор од македонската Влада, без оглед на тоа дали и очекувам да го добијам едноставно како реакција на овој Парламент да реагира со рефлекс на заштита на националните интереси, бидејќи навистина во образложението се изнесени ставови кои што, без оглед дали произлегуваат од не познавањето на вистинските состојби на господинот Сорош или со некоја друга намера се неприфатливи за пошироката јавност во Република Македонија.

Инаку, подметнувањата и дисквалификациите од типот на дрогираните боксери кога мавтаат по воздух, како што беше искажано овде нешто што токму спротивната политичка група, опозицијата може секогаш со чиста совест да им забележува на владејачката коалиција за

тоа како некој во соседните земји реагираат и со што и каква визија им нудат на својот народот го отфрлам како несоодветно и непримерно на нивото на македонскиот Парламент.

Личните фрустрации за тоа дали некој носи во себе фрустрираност или неостварена желба за еден статус на Македонија во однос на поранешната Ју структура тоа е прашање сепак на секој индивидуално. Мислам дека е невкусно да се слушаат такви подметнувања во Парламентот.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, за мене немаше да има дилема ако овие средства од 25 милиони долари што Република Македонија со овој предлог на закон треба да се задолжи во странство т.е. да ги земе како кредит од господинот Џорџ Сорош не би имало никаков проблем ако некој ни каже дека е ова помош. Јас ќе кажам дека ова не е помош туку еден обичен комерцијален кредит кој меѓународните институции т.е. банките кои се занимаваат со давање на вакви кредити си имаат одредена камата.

И во образложението на Владата стои децидно дека каматата ќе биде таканаречена ливер камата плус еден отсто. Значи дека Република Македонија ако имаше можност да побараше од некоја лондонска банка како економски субјект, т.е. како партнер односно фактор кој што сака да учествува во тие трансакции ќе можеше по таа камата што секојдневно се менува, како што пишува овде, тоа мене ми падна во очи, 3,625% ќе биде таа камата што би требало Македонија, ако успее верувам сигурно дека нема да ги дадат за тоа што, а сега господинот Џорџ Сорош ни нуди плус 1% од таа камата што се утврдува, како што пишува овде, секојдневно, а за последната недела изнесувала 3,625%. Значи ние средно некаде би добиле оваа камата да изнесува 4,625%, така стои овде. Тоа е едно што ми падна во очи и затоа велам дека овој кредит е

чисто комерцијален кредит. т.е. како што е даден во предлогот на законот и како што е образложението, меѓутоа мене ме загрижува, тоа и други дискутанти овде го напоменаа, обраќањето на господинот Сорош до Собранието на Република Македонија кое, морам да кажам, во него има проткаено доста политички оценки и проценки за состојбата во Република Македонија, за демократијата во Република Македонија, за поедини партии што верувам,ќе потенцирам, ниедна влада на една држава, независна не би си дозволила да изнесува за друга држава такви констатации за составот на Парламентот, за партиите кои се наоѓаат во овој македонски Парламент, а камо ли со сета почит, ќе речам кон господинот Џорџ Сорош, сигурно може некој му дал и погрешни информации, меѓутоа, тоа е тоа што стои во неговото обраќање до ова собрание.

Мене, исто така не ми се јасни некои работи од следниов аспект. Ние велиме треба да донесеме предлог на закон по итна постапка за задолжување на Република Македонија во странство. Во членот 2, став 2 со амандмани на Владата се додадоа и следниве зборови итн.

Во членот 3 се вели, исто така со амандман 3 од Владата, што се однесува за каматата и се вели понатаму "годишно со определени исклучоци во согласност со договорот". Јас како пратеник веднаш ќе кажам дека нема да гласам за овој закон вака како што е даден, затоа што воопшто не го познавам договорот каков е, кои се тие исклучоци во тој договор што се однесуваат на каматата, затоа што знаеме, ако рековме дека е ова комерцијален сигурно, како што се однесува во тие трансакции ќе бараат парите да му се повратат со камата итн. како и што бара.

Во членот 4, исто додаток, каде што се вели "Република Македонија кредитот од став 1 на овој член ќе го отплатува од девизната резерва на Републиката, како и со други извори во согласност со договорот", исто така договорот како пратеници не е пред нас да видиме кои се тие. Јас би сакал да видам барем кои се тие други извори.

Меѓутоа, овде се напомна дека претежно овој кредит од господин Сорос ќе биде во функција на обезбедување на Републиката со нафта и нафтени деривати. Јас ќе се задржам на образложението на Владата каде стои "Меѓутоа со оглед дека во меѓувреме дојде до подобрување на состојбата со снабденоста на Република Македонија со нафта и нафтени деривати, во преговорите што во меѓувреме се одвиваа со господин Џорџ Сорос беше договорено да се овозможи и користење на кредитот за други намени, а не само за нафтени деривати.

Јас ќе ве прашам како пратеници овде дали, а јас не знам, можеби некој знае од вас кои се тие други намени. Овде воопшто не пишува кои се тие други намени.

Во однос на тоа ќе се задржам на крајот на финансиските средства за законот, каде што се вели "за спроведување на овој закон не е потребно ангажирање на посебни средства од Републичкиот буџет, меѓутоа враќа&ето на кредитот ќе повлече ангажирање ка средствата девизните резерви на Републикава". Што значи дека претходно, во истово образложение се предлагаат тие пари, дел од тие папи кредитот што ќе останат да се внесат во девизните резерви во Републикава.

Јас мислам, тоа е мое мислење, дека на овој начин ако, затоа што е краткорочен кредитот, треба да се врати до крајот на 1993 година, ако Републиката се најде во една ситуација, а ќе мора со Договорот, сигурно, ако склучиме договор т.е. ако Владата склучи договор со господинот Џорџ Сорос сигурно ќе треба да се почитуваат одредбите на тој договор, и ако не изнајдеме резерви да му исплатиме на господинот Џорџ Сорос.

Јас не сакам да кажам овде сега колку ни се девизните резерви, меѓутоа знае. ме колку беа пред месец - два итн.

Верувам дека ќе се доведеме во една ситуација потполно да ги испразниме девизните резерви, како"богата држава". Тоа е она поради што јас ќе се определам за овој закон и затоа нашата пратеничка група бараше оваа материја не е така едноставна и да се споредува со некои други предлози на закони, па едноставно од нас како пратеници се бара денеска по итна постапка, без до- волно да ја проучиме материјата, да кренеме рака.

Јас ги искажав овие забелешки и затоа, ако не се даде можност од два дена да се консултира пратеничката група на ВМРО, јас ќе гласам против овој закон.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Изгледа само се слушаме а не се разбираме.

Многу убаво Коле, пак ќе те спомнам, убаво си ја знаеш економијата и убаво, красноречив си, но не гледаш една друга работа. Погледни ги улиците, уште не се расчистени од снегот. И, прашај се зошто? Погледни ги кантите и кој брка околу тие канти и размисли си, а после дај совет. Извини, извини што те именував но бев принуден затоа што убеден сум господа дека од овој момент почнува една политичка игра во нашиот Парламент. Бидете убедени и уверени во тоа. Со овој кредит почнува нова политичка игра за која реков, ми се чини спомнав порано, дали сега пак ќе го најдеме вистинскиот пат?

Ако немаше политичка игра, ако немаше политичка игра, убеден сум дека оваа Влада што стои пред мене никогаш немаше да го прифати

од повеќе аспекти. Зборувајте што сакате, ова што го кажав во метафори ве убедувам, ве уверувам и ова што го кажувам сега многу од вас тоа го знаат и ќе го препознаат, но ќе биде доцна за овој народ од сите националности во Македонија.

Дајте, да ги престанеме политичките игри, затоа што оваа мала игра што ви се гледа вам, малечка игра е голема пречка за признавањето на Македонија. Ако сакате можам да ви објаснам. Да, господа, и во обратна насока, не како што кажа, ај да не го именувам "изолација од надворешни кредити" затоа што овој кредит за мене е само лихварски кредит како едно време, во тие старите времиња, во средновековието и подоцна во XIX-от и XVIII-от век ќе одеше некој за Америка, ќе одеше незнам каде и ќе одиш, ќе му кажеш - дај ми пет лири, добро но ќе ми вратиш 15. И, ако не можеше да ги врати човекот, коскитe ќе му останеа таму во Америка. Сакате ли таква ситуација да имаме? Ве убедувам дека ќе имаме! Затоа размислете!

Изолацијата може да ја создадеме самите со вакви кредити. Ќе се отстраниме од изолацијата кога ќе ги земеме вистинските кредити и кога ќе излезе Бранко Црвенковски, извини претседателе, претседателот на Владата тука е, на ова место каде што е Митко Анастасовски и насмеан ќе рече - Луѓе на Македонија, сите вие, јас сум претседател на Владата и викам земаме пет милиони креди- ти велиме за болниците толку, за социјална политика толку, за просвета толку, за ова толку, за школи толку, за она толку, за ова толку, за ова толку еве ви ја сметката господа, народе. И, со ракоплескање сите ние ќе го испратиме Бранко Црвенковски.

Јас, како пратеник на овој Парламент никогаш нема да при- фатам таков кредит и ќе гласам против предлогот на Владата. Не сакам да ве

убедувам, да ве уверувам дека многу пати вие ќе ги спомнете моите зборови. Јас ве уверувам. Не сме уште за такви кредити.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги.

Не завлегувајќи воопшто во политичкото убедување на донаторот кој спаѓа во рамките на негови лични слободи, мислам дека на сите ни е јасно дека човекот не може со сила да се тера во среќа, но среќата треба да ја избере самиот, врз база на сопствените убедувања. Од тој аспект овде оваа празнина што се јавува сега и која што се толкува со премисата "политичка игра" мислам дека таа празнина може на еден коректен и адекватен начин да се затвори.

Имено, не е во прашање дека има потреба од задолжување на Република Македонија со ино-кредит односно дека има потреба од ин-финансиска трансфузија. Прашањето е отворено заради следното, се поставува, тука е таа празнина, начинот на користењето на тие средства. Тука постои еден одреден став, едно сомневање.

Зошто ова го велам? Ова го велам поучени од досегашното искуство затоа што досега често пати инпут на инокапитал што до ѓа во Републикава е неадекватно и нерационално користен, односно растуран, неправилно и неправедно насочен и како резултат на тоа екстериторијалните стратегии на финансирањето на земјите водеа исто така и стратегија на курсни разлики и враќање на главнината односно ги доведуваа републиките во ситуација да не можат да го отплатат кредитот, што во суштина е равно на социјален немир, револт и пад на републички раководства врз база на таа позната досегашна стратегија.

Заради тоа јас го поддржувам овој закон за кредитирање, меѓутоа мислам дека истиот треба да биде покриен со уште еден закон за начинот, постапката, намената на тие средства што би се добиле. Овде постои сомневање да не како до сега во процеси- те на трансформација на општествениот капитал што се врши на див начин да дојде до грабеж, мислам дека тој оправдан страв е присутен. Владата мора да најде модел ова прашање да го затвори да не бидеме сопирачка во една ваква инотрансфузија на свеж финансиски капитал што е многу потребен на Република Македонија.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Овде беше кажано дека не е во прашање сложен закон па заради тоа и одлучивме да биде донесен по итна постапка.

Моите размислувања се тие, колегата Хамид Алиу кажа нешто, не знам дали сите разбраа што кажа, а тие кои не разбраа, да кажам со други зборови дека средства ни се и те како потребни. Зарем не гледаме што правиме? За што зборуваме, каква ни е состојбата во стопанството и нестопанството?

Сакам да кажам дека ни се преку потребни тие средства. Посебно е прашање дали некој ги условува или не. Ние треба да бидеме свесни, да правиме такви потези и не налегнуваме на такви условувања. Инаку, средствата ни се и те како потребни. Не треба да зборуваме дека не ни се потребни средства. Тоа може само не- кому да му замаглиме очи, а стварноста е сосема поинаква. Заради тоа, во начело го прифаќам законот и ќе гласам за него.

Мое мислење е дека денеска требаше, виза ви состојбите што ги имаме во нашето стопанство да донесеме дури еден подруг закон, не ваков каков што е овој конкретен, за само една работа.

Дури требаше да донесеме закон што ќе значеше дека донесовме за- кон за да може во секое време нашата Република да се задолжува во странство, се разбира под одредени услови. И, дури овој требаше да биде поширок, а не вака само за една намена. Посебно е прашањето каков ќе беше тој закон во случајот. Да, ќе ја задолжевме Владата, тоа се мои претпоставки, да не информира односно посебно да води сметка за тоа, убаво што се зборува да не се користи ненаменски, бидејќи од такви работи доста страдавме и тоа е една од причините што денеска се наоѓаме во таква состојба.

И, кога станува збор за законот, за овој предложен закон, јас би рекол дека ова не е повеќе закон туку според мене е повеќе договор бидејќи слично како што се пишува во договор се уредуваат условите како и што. Меѓутоа, поради состојбите велам дека го при- фаќам ваков каков што е.

Едно е што посебно треба да го кажеме, малку спомнав а е посебно прашање на гаранциите за враќање на кредитот. Обврската што е тука ставена е во ред. Меѓутоа треба да најдеме начин и модус како корисниците ќе ни гарантираат за враќање. Изгледа дека е неминовно, нешто што пишуваше печатот, посебно "Нова Македонија" се јавува потребата да работиме со две парични единици. Посебно изгледа дека таа потреба се јавува. Прво, парична единица која е официјална, денарот, а втора парична единица не- која друга конвертибилна валута. Со ваква инфлација може да ни се случи да имаме таква состојба и да ни пропаднат одредени работи. Но, таква работа и таков луксуз не смееме да допуштиме. Треба да внимаваме такви гасанции да имаме задолжително и, дури би рекол, ако веќе имаме такви можности гаранција да земе корисникот од некоја друга банка, или да се најде начин како да одговара. Бидејќи со овие средства евентуалните

корисници што би се јавиле, мислам дека не ќе можеме многу да придонесеме да имаме одредени гаранции. Сепак, оставам Владата да размисли, има подобри стручњаци од мене.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, немав намера да дискутирам, меѓу- тоа прашањето пресериозно и сакам да искажам свои размислувања.

Не верував дека може и Владата да влијае врз Парламентот, во смисла на тоа да го блокира работењето на Парламентот за- тоа што очекував денеска да дојдам на 53-та седница. Меѓутоа, доживеав едно итно ургентно прашање тука да се разгледува. Така еден наметнат став и еве дојдовме до 54-та седница и разгледување на ова прашање. Сепак да искажам некои свои размислувања, инаку стојам, првенствено да кажам, сепак ова прашање требаше да се разгледува барем минимум два дена да ни се дадеше и добро да го разгледавме и стручно да го промислевме како би се произнеле по истото. Инаку вака колку што можев денеска да се размислам, можам да го кажам следново:

На оваа говорница веќе искажав едно свое мислење дека оваа Влада, начинот на кој работи оваа Влада единствено може да опстане само со некоја финансиска поддршка од надвор. Истото го гледам и сега. Таква можност се даде на оваа Влада, меѓутоа морам да кажам некои работи споредбено во однос на претходната и оваа сегашна Влада.

Можам да извлечам одредени заклучоци по однос на тоа што претходната Влада, покрај тоа што заокружи некои прашања од државен карактер, а секое прашање односно заокружување на државноста знаеме дека чини, помеѓу другото се пофали со одредена девизна залиха која достигна бројка од близу 40 милиони долари.  За жал, тоа не е случај и

со оваа Влада која овој износ го намали, може и го преполови, односно се покажа како добар потрошувач, а исто така не се пофали со ниту еден системски закон кој, како што реков, нормално чини во однос на заокружување на државноста.

Некои прашања тука се појавуваат во смисла на тоа да и господинот кој предлага финансиска помош си зема за право да се меша во политика на една суверена држава. Тоа право го немаат ни- ту влади, ниту поедини претседатели на држави, а камо ли поединец, кој, ете, се јавува како финансиер, кој, за жал морам да констатирам оди со јак влог, појак од девизните резерви што од една страна гарантира дека сепак ќе мора неговото мислење да се почитува во смисла на тоа што овој добар потрошувач ќе го изеде и овој кредит. Кредитот е краткорочен, мора да се врати до крајот на годината и веројатно ќе настане промена на Влада и товарот ќе остане на таа Влада да ги решава овие прашања од претходната Влада која брзо влегла во земање на овие кредити и неговото брзо трошење.

Јас сум убеден дека ние би постигнале нешто со овие пари што се и те како неопходни, меѓутоа ако се правилно насочени. Не ја гледам смислата и оправдувањето дека со овие пари ќе купи- ме нафта ако- веќе прифатиме дека нафтата покрај монополот Макпетрол ја обезбедуваат и одредени приватни лица. Господинот Трајков- ски тука посочи дека дозволи не се издаваат веќе подолго време. Меѓутоа, ве потсетувам Макпетрол е А.Д. - акционерско друштво. Дајте, малку да се свртиме и да сфатиме што тоа значи.

Зошто ги поставуваме прашањата како што не треба а цело време прокламираме отворено пазарно стопанство. Ние велиме дека со овие пари ќе купиме нафта. Државата ќе биде гарант. Таа ќе биде онаа што ќе ја купи нафтата, но ќе ја спроведе пак Макпетрол. Не издадовме дозволи

на оние кои можат да ја увезат. Значи пак некоја нечиста, недобра политика Ќе кажам

Ако парите правилно се насочат онаму каде што се потребни особено во државата, се уште ја немаме конституирано оваа држава во однос на системските закони, првенствено тоа да го направиме , а потоа да градиме систем кој ќе може да го одржи овој народ и да му даде подобар и повисок стандард, тогаш во ред. Меѓутоа, вака со една матна претпоставка дека парите одатваму или таму, ќе бидат насочени за незнам што, а показателите покажуваат нешто друго, јас не се согласувам дека тоа ќе треба токму овој Парламент да го прифати.

На крајот сепак ќе ве потсетам дека досега прашањата во

однос на замислената политика одеа доста глатко, меѓутоа токму денеска ќе ве прашам и ќе ве потсетам дали вие денеска ќе го изгласате овој закон.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, ние скоро за сите прашања работиме со предрасуди. Уште не добиен кредит ние се прашуваме што ќе биде со тој кредит. Па, еве според мене што ќе биде. Ние на дневен ред имаме предлог за донесување по итна постапка на Закон за задолжување на Република Македонија со странство, со Предлог на закон. И сега тука работата е сосема јасна. Ние имаме пред нас Влада. Владата ќе знае што ќе прави со тие средства и ако таа згреши ние имаме исто така и Уставно право и да и искажеме недоверба на Владата. Доста сомневања по сите прашања, а посебно по ова што воопшто не би требало. Дали сме свесни што работиме и во какво состојба сме. Сметам дека тоа така

лесно го мислиме и сите работи не ги сознаваме како треба. Јас сум убеден дека со вакви разговори овде по однос на ова прашаше се плашам дека ако некој наш граѓанин, а успешен бизнисмен во странство, дури ако ни даде и не повратни средства, а не кредит ние, чисто се сомневам, дека ќе ги прифатиме тие средства. Ќе видиме, дали , од каде, од кој град, од ова, од она и сметам дека ако ни нуди некој и неповратни средства ние со вакви разговори тешко дека ќе ги прифатиме.

Јас лично се плашам овој Парламент да не стане како едно страшило,да ги повратиме не само меѓународните финансиски институции туку и сите други луѓе кој што и сакаат добро на оваа Македонија да се оттргнат од нивната намера да ни помогнат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, 17 и 30 е часот, предлагам да продолжиме утре во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот) .